**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р. Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**
Факс: **+389 48 407 452**

# Финансиски и бизнис план за 2019 година.

Друштвото ПИ „Витаминка“ АД Прилеп, го усвои планот за работа за 2019 година на седницата на Одбор на директори одржана на 20.12.2018 година .

Предвидувањата во планот за работа се базирани врз основа на :

- Реалните пазарни очекувања, продажните проекции и можности за пласман на нашите производи на постоечките и новите пазари;
- Зголемување на продуктивноста и ефикасноста во искористувањето на сопствените ресурси и потенцијали;
- Намалување на поедини групи на трошоци во одредени сегменти.

Имајќи ја предвид среднорочната стратегија за развој на друштвото и во 2019 година продолжува со инвестирање со цел следење на развојните процеси. Основно инвестициите се однесуваат на модернизирање и автоматизирање на техничко-технолошките процеси, зголемување на постоечките капацитети, воведување на нови производни линии, градежна реконструкција и адаптација на производни хали и магацини за складирање.

Планираните вкупни приходи од оперативното работење на друштвото се позиционирани на износ од приближно 52.150.000 ЕУР. Од вака планираните вкупни приходи 60 % се планирани да се оствараат на домашниот пазар, а 40% да се оставараат на странски пазари.

Како приоритети на продажба се следните:

- Зголемување на продажбата на домашниот пазар;
- Зголемување на продажбата во балканските земји.

Остварувањето на финансискиот план ќе ја зголеми добивката на друштвото за 15-20 %.

Финансиско сметководствен сектор

ПИ „Витаминка“ АД Прилеп

Прилеп,

02.01.2019

E-Mail: **contact@vitaminka.com.mk** | Комерција домашен пазар: +389 48 407 430 | Комерција извоз: +389 48 407 409
**www.vitaminka.com.mk** | **commerce@vitaminka.com.mk** | **export1@vitaminka.com.mk**